Në Ligjin e Dokumenteve të Udhëtimit të Shtetasve të Republikës së Maqedonisë së Veriut (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 67/92, 20/03, 46/04, 19/07, 84/08, 51/11, 135/11, 154/15 dhe 55/16 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 302/20, 122/21 dhe 67/22), pas nenit 31 shtohet nen i ri 31-a, si vijon.

„Neni 31-a

Gjatë parashtrimit të kërkesës për lëshim të pasaportës bëhet arkëtimi i mjeteve për çmimin e formularit për pasaportë në shumën e përcaktuar me rregull të veçantë, të miratuar në pajtim me ligjin dhe mjetet e arkëtuara sipas kësaj baze paguhen në llogarinë buxhetore të Ministrisë së Punëve të Brendshme.”.

1282.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за социјалната заштита,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 20 март 2023 година.

Бр. 08-1542/1
20 март 2023 година
Скопје

Претседател на Република Северна Македонија,
Стево Пендаровски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија” број 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22), во член 76 ставот 1 се менува и гласи:

„Услугата лична асистенција опфаќа индивидуална помош и поддршка за деца од шест години и возрасни лица, со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење секојдневни активности, кои лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка.“.

Член 2

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за социјалната заштита.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT TË MBROJTJES SOCIALE

Neni 1

Në Ligjin e Mbrojtjes Sociale (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 dhe 236/22), në nenin 76 paragrafi 1 ndryshohet siç vijon:

“Shërbimi i asistencës personale përfshin ndihmën dhe mbështetjen individuale për fëmijët nga mosha gjashtë vjeç dhe persona të rritur me kapacitet të reduktuar funksional, për të mundësuar një jetë të pavarur dhe të mëvetësishme, pjesëmarrje aktive dhe të barabartë në bashkësi, si dhe kryerjen e aktiviteteve të përditshme, të cilat a. personi pa aftësi të kufizuara zakonisht i kryen pa mbështetje”.

Neni 2

Autorizohet Komisioni juridik-ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut të përcaktojë tekstin e konsoliduar të Ligjit të Mbrojtjes Sociale.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga botimi në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

1283.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 20 март 2023 година.

Бр. 08-1544/1
20 март 2023 година
Скопје

Претседател на Република Северна Македонија,
Стево Пендаровски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

З А К О Н
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ

Член 1

Во Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ број 149/14, 149/15 и 53/16), во членот 66 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) За прекршокот од ставот (1) точки 3), 4) и 5) на овој член, освен глоба, на физичкото и правното лице може да му се изрече и посебна прекршочна мерка, одземање на животните.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

L I GJ
PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT TË MBROJTJES DHE TË MIRËQENIES SË KAFSHËVE

Neni 1

Në Ligjin e Mbrojtjes dhe të Mirëqenies së Kafshëve (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë numër 149/14, 149/15 dhe 53/16), në nenin 66, pas paragrafit (4) shtohet paragrafi i ri (5), si vijon:

“(5) Për kundërvajtjen sipas paragrafit (1), pikat 3), 4) dhe 5) të këtij neni, personit fizik dhe juridik, përveç gjobës, mund t'i shqiptohet edhe masë e veçantë kundërvajtëse, konfiskim i kafshëve“ .

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

1284.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 20 март 2023 година.

Бр. 08-1545/1
20 март 2023 година
Скопје

Претседател на Република Северна Македонија,
Стево Пендаровски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19, 244/19, 275/19, 110/21 и 123/22) во член 14-а став (2) алинејата 6 се брише.

Во став (5) зборовите: „алинеја 1, 2, 3, 4, 5 и 6“ се заменуваат со зборовите: „алинеи 1, 2, 3, 4 и 5“.

Ставот (6) се брише.

Во ставот (7) кој станува став (6) зборовите: „ги уредува Владата по предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за финансии“ се заменуваат со зборовите: „ги пропишува Владата со прописот од членот 47 став (6) од овој закон.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT TË BUJQËSISË DHE TË ZHVILLIMIT RURAL

Neni 1

Në Ligjin e Bujqësisë dhe të Zhvillimit Rural (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë numër 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut numër 152/19, 244/19, 275/19, 110/21 dhe 123/22), në nenin 14-a, paragrafi (2), shtylhet nënparagrafi 6.

Në paragrafin (5), fjalët: “nënparagrafi 1, 2, 3, 4, 5 dhe 6” zëvendësohen me fjalët: “nënparagrafi 1, 2, 3, 4 dhe 5”.

Paragrafi (6) shlyhet.

Në paragrafin (7), i cili bëhet paragrafi (6), fjalët: “i rregullon Qeveria me propozim të ministrit të Bujqësisë, të Pylltarisë dhe të Ekonomisë së Ujërave dhe ministrit të Financave” zëvendësohen me fjalët “i përcakton Qeveria me rregullin sipas nenit 47, paragrafi (6) të këtij ligji.”.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1285.

Врз основа на член 127 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 март 2023 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 270/19, 59/21 и 67/22), во член 14 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Ознаките на основната униформа се: натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“, натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „TRAFFIC POLICE“, амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“, амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „BORDER POLICE“, амблем во форма на штит со намалени димензии и метална ознака за шапка.

Во Градот Скопје, во општините во Градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, ознаките на основната униформа се: натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT“ „TRAFFIC POLICE“, амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE“ „BORDER POLICE“, амблем во форма на штит со намалени димензии и метална ознака за шапка.“

Член 2

Во член 25 во ставот 1 зборовите „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ се заменуваат со зборовите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“.

Во ставот 2 зборовите „NJËSITI POLICOR PËR INTERVENIM“ се заменуваат со зборовите „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“, зборовите „NJISIA POLICORE E POLICISË INTERVENTE“ се заменуваат со зборовите „NJËSIA POLICORE E POLICISË INTERVENUESE“, а зборовите „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „MAQEDONIA E VERIUT“се заменуваат со зборовите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT“.

Член 3

Во член 35 во ставот 1 зборовите „амблем „ПОЛИЦИЈА““ се заменуваат со зборовите „амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE““.

Во ставот 2 зборовите „амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA”“ се заменуваат со зборовите „амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE““.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 67/22).

Бр. 41-3067/3
21 март 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

1286.

Врз основа на член 38 ставови 3 и 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 март 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Чедомир Димитров ул.11-ти Октомври бр.9, Росоман, на земјоделско земјиште под долгогодишен овошен насад со вкупна површина од 1ха 64ари 09 м2, кое се наоѓа на КП.бр.72/2-дел, место викано Цуцулот, катастарска култура овоштарник, катастарска класа 3, со површина од 98ари 99 м2, запишана во Имотен лист бр.42 за КО Рибарци, КП.бр.72/2-дел, место викано Цуцулот, катастарска култура овоштарник, катастарска класа 3, со површина од 10ари 98м2, запишана во Имотен лист бр.42 за КО Рибарци и КП.бр.72/1-дел, место викано Цуцулот, катастарска култура овоштарник, катастарска класа 3, со површина од 54ари 12 м2, запишана во Имотен лист бр.43 за КО Рибарци во сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува со времетраење до 25.3.2045 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 41-423/5
21 март 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

1287.

Врз основа на член 7 од Законот за високообразовните установи на верските заедници („Службен весник на Република Македонија“ бр.81/08), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 март 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ЗА 2023 ГОДИНА НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА НА УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во

Скопје му се доделуваат вкупно 16.000.000 денари од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, раздел 16001, Програма 4, Потпрограма 47, ставка 464.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука, се доделуваат за подмирување на трошоци за реализирање на студиските програми за 2023 година кои не можат да се обезбедат во буџетот на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1508/6
21 март 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

1288.

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 март 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЗДРАВСТВЕН ДОМ – КРАТОВО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движната ствар, и тоа:

Назив на движната ствар	Модел	Производител	Единица мерка	Количина	Единечна цена без ДДВ
Био медицински замрзнувач (мин. 1000 L – макс. 1500 L), температура на ладење опсег мин. + 20° C. – макс. +80° C	ФВ140Г2А	СМЕГ Инструментс	парче	1	248.000,00 денари

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Здравствен дом – Кратово.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Здравствен дом – Кратово со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1790/6
21 март 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

1289.

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 март 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за образование и наука му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

Ред. број	Назив на движните ствари	Опис на движните ствари	Количина (парче)
1	Лабораториска маса за наставник	Производител: Технокооп ДОО Скопје Димензии: 850x1800x1200mm Опис: Маса со корпус од иверка 18mm, горна плотна од керок 12 mm со два вградени мијалници и три вратички и три фиоки од иверка 18mm.	1
2	Елемент со мијалник	Производител: Технокооп ДОО Скопје Димензии: 850x600x600mm Опис: Елемент со корпус од иверка 18mm, горна плотна од иверка 18mm кантирана со АБС трака и обложена со ХПЛ фолија, со една вратичка од иверка 18mm и вграден мијалник.	4
3	Плакар за чување хемикалии	Производител: Технокооп ДОО Скопје Димензии: 1950x1200x600mm Опис: Плакар со корпус од иверка 18mm, со две долни вратички од иверка 18mm и две горни вратички од стакло.	1
4	Плакар за чување опрема	Производител: Технокооп ДОО Скопје Димензии: 1950x1200x600mm Опис: Двокрилен плакар од иверка 18mm.	1
5	Метален плакар	Производител: Технокооп ДОО Скопје Димензии: 1950x800x500mm Опис: Двокрилен метален плакар	1
6	Маса за ученици	Производител: Технокооп ДОО Скопје Димензии: 750x1800x600mm Опис: Маса со метална конструкција и плотна од иверка 18mm, со долна полица за одлагање.	8
7	Лабораториско столче	Производител: Технокооп ДОО Скопје Надворешна димензија Ф-400mm Опис: Столче изработено од шперплоча Ф= 330 x15mm лакирана со полиуретански лак, на метална конструкција со навој за висинско подесување до 50cm	21

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Општина Зелениково, а за потребите на ООУ „Марко Цепенков“ - Станица Зелениково.

Член 3

Министерот за образование и наука склучува договор со градоначалникот на Општина Зелениково, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2139/5
21 март 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

1290.

Врз основа на член 14 став (1) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 март 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ - ЈАЧМЕН ЗА СТОЧНА ХРАНА

Член 1

Да се изврши продажба на 8.250 тони јачмен за сточна храна од стоковните резерви, заради обновување.

Член 2

Продажбата на движните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронскиот систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи, со проценета вредност утврдена согласно Проценатa од Бирото за судски вештачења бр.СВ V – 5/22-2 од 19.10.2022 година, во која е проценета вредноста на јачменот за сточна храна на износ од 187.275.000,00 денари, односно 22,7 ден./кг.

Почетната цена за електронското јавно наддавање претставува проценетата вредност и истата изнесува 22,7 ден./кг.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за продажба на движни ствари – меркантилна пченица и јачмен за сточна храна („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.43/22).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2228/6
21 март 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

1291.

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 март 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца – Битола да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на движни ствари – опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошко застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за расход на движни ствари за деловната 2020 година број 02-324/4 од 26.10.2022 година, донесена од Управниот одбор на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца – Битола и Одлуката за расход на движни ствари за деловната 2021 година број 02-324/5 од 26.10.2022 година донесена од Управниот одбор на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца – Битола.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2316/6
21 март 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

1292.

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Влада на Република Северна Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 15/11, 15/13 и 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 март 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА НОМИНАЦИЈА НА КАНДИДАТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА СУДИЈА ВО МЕЃУНАРОДНИОТ КРИВИЧЕН СУД ВО ХАГ

Член 1

За кандидат за судија во Меѓународниот кривичен суд во Хаг се номинира д-р Мирјана Лазарова Трајковска, судија во Врховниот суд, поранешен судија во Европскиот суд за човекови права во Стразбур и во Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да преземе активности за промоција на кандидатурата на д-р Мирјана Лазарова Трајковска за судија во Меѓународниот кривичен суд во Хаг.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3089/3
21 март 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

1293.

Врз основа на член 41 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 март 2023 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2023 ГОДИНА

I

Во Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 37/23), во делот III по точката 28 се додаваат две нови точки 29 и 30 кои гласат:

„29.Изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В4 – згради на органите на државната власт, во градска четврт З 04, Блок З 04.01, КО Карпош, Општина Карпош;

30. Изработка на Детален урбанистички план за Градска четврт С21, Блок 06, општина Гази Баба;“

Точките 29, 30, 31, 32, 33 и 34 стануваат точки 31, 32, 33, 34, 35 и 36.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2882/5
21 март 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1294.

Врз основа на член 128 став (1) алинеја 3 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НОСЕЊЕТО, ВРЕМЕТО НА ТРАЕЊЕ И РАСПРЕДЕЛБАТА НА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за носењето, времето на траење и распределбата на униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 270/19, 69/21 и 15/23), членот 6 се менува и гласи:

„Ознаките на основната униформа, амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“, натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“, амблем во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници кои извршуваат работни задачи од општа надлежност, заштита на определени личности и објекти и полициските службеници во организациските единици со седиште во МВР.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, ознаките на основната униформа, амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, амблем во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници кои извршуваат работни задачи од општа надлежност, заштита на определени личности и објекти и полициските службеници во организациските единици со седиште во МВР.

Амблемот „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“, натписот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „TRAFFIC POLICE“, амблемот во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници во организациските единици кои извршуваат работни задачи од областа на сообраќајот.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, амблемот „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, натписот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT” „TRAFFIC POLICE“, амблемот во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници во организациските единици кои извршуваат работни задачи од областа на сообраќајот.

Амблемот „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „BORDER POLICE“,, натписот „ПОЛИЦИЈА“ „ POLICE“, амблемот во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници кои извршуваат работни задачи од областа на граничните работи.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, амблемот „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE” „BORDER POLICE“,, натписот „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, амблемот во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници кои извршуваат работни задачи од областа на граничните работи.

Амблемите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“, и „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „BORDER POLICE“ се носат на левиот ракав, натписите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“и „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „TRAFFIC POLICE“ се носат на десниот ракав на составните делови на основната униформа, амблемот во форма на штит со намалени димензии се носи на предниот дел на капата „БК“, теренската капа и капата „ЕУ“, а металната ознака за шапка се носи на предниот дел од шапката.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, амблемите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“и „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE” „BORDER POLICE“ се носат на левиот ракав, натписите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, и „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT” „TRAFFIC POLICE“ се носат на десниот ракав на составните делови на основната униформа, амблемот во форма на штит со намалени димензии се носи на предниот дел на капата „БК“, теренската капа и капата „ЕУ“, а металната ознака за шапка се носи на предниот дел од шапката.“

Член 2

Во член 10 во ставовите 1, 2 и 3 зборовите „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ се заменуваат со зборовите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“.

Во ставот 5 зборовите „NJËSITI POLICOR PËR INTERVENIM“ се заменуваат со зборовите „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“, а зборовите „NJISIA POLICORE E POLICISË INTERVENTË“ се заменуваат со зборовите „NJËSIA POLICORE E POLICISË INTERVENUESE“.

Во ставот 8 зборовите „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ се заменуваат со зборовите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“.

Во ставот 9 зборовите „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „MAQEDONIA E VERIUT“ се заменуваат со зборовите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT“.

Член 3

Во член 16 во ставот 1 зборот „ПОЛИЦИЈА“ се заменува со зборовите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“.

Во ставот 2 зборовите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA" се заменуваат со зборовите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA" „POLICE“.

Во ставот 3 зборот „ПОЛИЦИЈА“ се заменува со зборовите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“.

Во ставот 4 зборовите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA" се заменуваат со зборовите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA" „POLICE“.

Член 4

Членот 44 се менува и гласи:

„Времето на траење, ваучер бодовите, годишниот лимит на нарачка и враќањето согласно ваучер системот на ознаките на основната униформа изнесува:

ОЗНАКИ НА ОСНОВНАТА УНИФОРМА	Време на траење	Ваучер бодови	Годишен лимит на нарачка	Враќање
1. натпис „ПОЛИЦИЈА“„POLICE“	/	1	3	не
2. натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „TRAFFIC POLICE“	/	1	3	не
3. амблем „ПОЛИЦИЈА“„POLICE“	/	1,5	3	не
4. амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „BORDER POLICE“	/	1	3	не
5. натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“	/	1	3	не
6. натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT” „TRAFFIC POLICE“	/	1	3	не
7. амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“	/	1,5	3	не
8. амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE” „BORDER POLICE“	/	1	3	не
9. амблем во форма на штит со намалени димензии	/	1,5	3	не
10. метална ознака за шапка	/	2,5	1	не

“

Член 5

Членот 56 се менува и гласи:

„Времето на траење, бројот на парчиња и враќањето согласно времето на траење на ознаките на униформата за извршување на посебни и специјални задачи изнесува:

ОЗНАКИ НА УНИФОРМА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ И СПЕЦИЈАЛНИ ЗАДАЧИ	Време на траење	Број на парчиња	Враќање
1. амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“	36 месеци	6	не
2. амблем „ СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА - ТИГАР“	36 месеци	6	не
3. амблем „ЕДИНИЦА ЗА БРЗО РАСПОРЕДУВАЊЕ“	36 месеци	6	не
4. амблем „ПОСЕБНА ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА“	36 месеци	6	не
5. амблем „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“	36 месеци	6	не
6. амблем „ПОЛИЦИСКО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“	36 месеци	6	не
7. амблем „МОБИЛНА ЕДИНИЦА ЗА КОМПЕНЗАТОРНИ МЕРКИ“	36 месеци	6	не
8. амблем „ЕДИНИЦА ЗА СЛУЖБЕНИ КУЧИЊА“	36 месеци	6	не
9. амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“	36 месеци	6	не
10. амблем „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“	36 месеци	6	не
11. амблем „ПОЛИЦИСКО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSIA 12. POLICORE E POLICISË INTERVENUESE“	36 месеци	6	не
12. амблем во форма на круг со намалени димензии за Специјална антитеристичка единица - Тигар	36 месеци	6	не
13. амблем во форма на круг со намалени димензии за Единица за брзо распоредување	36 месеци	6	не
14. амблем во форма на круг со намалени димензии за Единицата за интервентна полиција	36 месеци	6	не
15. амблем во форма на круг со намалени димензии за Единица за службени кучиња	36 месеци	6	не
16. амблем во форма на штит со намалени димензии	36 месеци	6	не
17. натпис за идентификација	36 месеци	6	не
18. натпис „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“	36 месеци	6	не
19. натпис „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“„REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT“.	36 месеци	6	не
20. правоаголен амблем со натпис за специјалност, оперативна и крвна група	36 месеци	6	не
21. метален амблем во форма на круг со намалени димензии	36 месеци	1	не

“

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 67/22).

Бр. 13.1.1-31806/1
22 март 2023 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
Оливер Спасовски, с.р.

1295.

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 4 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОСТАВОТ, КВАЛИТЕТОТ И КРОЈОТ НА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за составот, квалитетот и кројот на униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/16 и 237/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/19, 111/19, 163/19, 250/19, 270/19, 75/20, 173/20, 219/20, 242/20, 11/21, 82/21, 140/21 и 295/21), во целиот текст и во табелите зборовите „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ се заменуваат со зборовите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“, зборовите „буквите РМ“ се заменуваат со зборовите „буквите РСМ“, зборовите „ознаката РМ“ се заменуваат со зборовите „ознаката РСМ“, зборот „МАКЕДОНИЈА“ се заменува со зборовите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“.

Член 2

Во член 12 ставот 1 се менува и гласи:

„Ознаките на основната униформа се: натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“, натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „TRAFFIC POLICE“, амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“, амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „BORDER POLICE“, амблем во форма на штит со намалени димензии и метална ознака за шапка“.

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, ознаките на основната униформа се: натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT“ „TRAFFIC POLICE“, амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE“ „BORDER POLICE“, амблем во форма на штит со намалени димензии и метална ознака за шапка.

Ознаките, амблемот во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка, од ставовите 1 и 2 на овој член, го имаат следниот состав, квалитет и крој:“.

По точка 1 се додава нова точка 1-а, која гласи:

„**1-а. Натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA”**

1.1-а. Технички карактеристики на материјал за натпис „Полиција“„POLICIA”

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработен натписот „Полиција“„Policia” се наведени во Табелата бр. 144“.

1.2-а. Број на натпис „Полиција“„Policia”

Натписот „ПОЛИЦИЈА“„POLICIA” е во форма на полукружен лак исткаен на темно сина основа со димензии 105 х 32 мм. Од внатрешната страна на растојание од 3 мм од надворешниот раб е исткаена жолта лента во ширина од 3 мм во вид на внатрешна рамка. Во бела боја во внатрешната рамка во првиот ред сразмерно се распоредени буквите ПОЛИЦИЈА, а во вториот ред буквите „POLICIA”, а во третиот ред буквите POLICE во фонт и растојание опишани во табелата на мерки од потточка 1.3-а.

1.3-а. Мерки за натпис „Полиција“„Policia”

Мерките за натписот „Полиција“„Policia” се наведени во Табелата бр. 145-а.

Табела 145-а

Мерки за натпис ПОЛИЦИЈА“ „Policia”		
ОПИС НА МЕРКАТА		ГОЛЕМИНИ
Надворешна ширина на натпис		105 мм
Надворешна висина на натпис		32 мм
Дебелина на темно сина рамка		3 мм
Дебелина на жолта рамка		3 мм
Големина на букви „ПОЛИЦИЈА“	Фонт	ARIAL Cyrilic 30 pt/Bold
	Растојание на букви	92,0%
Големина на букви „POLICIA”	Фонт	ARIAL Cyrilic 30 pt/Bold
	Растојание на букви	92,0%
Големина на букви „POLICE”	Фонт	ARIAL Cyrilic 26 pt/Bold
	Растојание на букви	114,0%

1.4-а. Скица и фотографија за натпис „Полиција“„Policia”

Натписот „Полиција“ се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 131-а, а изгледот на натписот „Полиција“ „Policia” е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 132-а, кои се составен дел на овој правилник.

По точката 2 се додава нова точка 2-а, која гласи:

„2-а. Натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“„POLICIA E TRAFIKUT“

2.1-а. Технички карактеристики на материјал за натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“„POLICIA E TRAFIKUT“

Техничките карактеристики на материјалот за натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT“ се опишани во точка 1 од овој член и се наведени во Табела бр. 144.

2.2-а. Број на натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“„POLICIA E TRAFIKUT“

Натписот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА “„POLICIA E TRAFIKUT“ е во форма на полукружен лак исткаен на темно сина основа со димензии 105 х 32 мм. Од внатрешната страна на растојание од 3 мм од надворешниот раб е исткаена жолта лента во ширина од 3 мм во вид на внатрешна рамка. Во бела боја во внатрешната рамка во првиот ред сразмерно се распоредени буквите „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“, во вториот ред буквите „POLICIA E TRAFIKUT“, а во третиот ред буквите „TRAFFIC POLICE“ во фонт и растојание опишани во табелата на мерки од потточка 2.3-а.

2.3-а. Мерки за натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“„POLICIA E TRAFIKUT“

Мерките за натписот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“„POLICIA E TRAFIKUT“ се наведени во Табелата бр. 146-а.

Табела бр. 146-а

Мерки за натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“„POLICIA E TRAFIKUT“		
ОПИС НА МЕРКАТА		ГОЛЕМИНИ
Надворешна ширина на натпис		105 мм
Надворешна висина на натпис		32 мм
Дебелина на темно сина рамка		3 мм
Дебелина на жолта рамка		3 мм
Големина на букви „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА	Фонт	ARIAL Cyrilic 30 pt/Bold
	Растојание на букви	92,0%
Големина на букви „POLICIA E TRAFIKUT“	Фонт	ARIAL Cyrilic 30 pt/Bold
	Растојание на букви	92,0%
Големина на букви „TRAFFIC POLICE“	Фонт	ARIAL Cyrilic 26 pt/Bold
	Растојание на букви	114,0%

2.4-а. Скица и фотографија за натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT“

Натписот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT“ се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 133-а, а изгледот на натписот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“„POLICIA E TRAFIKUT“ е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 134-а, кои се составен дел на овој правилник.“

По точката точка 3-а се додава нова точка 3-б, која гласи:

„3-б. Натпис „ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA INTERVENUESE“

3-б.1. Технички карактеристики на материјал за натпис „ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA INTERVENUESE“

Техничките карактеристики на материјалот за натпис „ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA INTERVENUESE“ се опишани во точка 1 од овој член и се наведени во Табела бр. 146-а.

3-б.2. Број на натпис „ ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA INTERVENUESE“

Натписот „ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA INTERVENUESE“ е во форма на полукружен лак исткаен на црна основа со димензии 105 х 32 мм. Во бела боја во внатрешната рамка во првиот ред сразмерно се распоредени буквите „ ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“, а во вториот ред буквите „POLICIA INTERVENUESE“ во фонт и растојание опишани во табелата на мерки од потточка 3-б.3

3-б.3. Мерки за натпис „ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA INTERVENUESE“

Мерките за натписот „ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ се наведени во Табелата бр. 146 – в.

Табела 146 – в

Мерки за амблем „ ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“„ POLICIA INTERVENUESE“		
ОПИС НА МЕРКАТА		ГОЛЕМИНИ
Надворешна ширина и натпис		105 мм
Надворешна висина и натпис		32 мм
Дебелина на сива рамка		3 мм
Дебелина на црна рамка		3 мм
Големина на букви „ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА„ „POLICIA INTERVENUESE“	Фонт	ARIAL Cyrilic 30 pt/Bold
	Растојание на букви	0,0%

3-б.4. Скица и фотографија за натпис „ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA INTERVENUESE“

Натписот „ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA INTERVENUESE“ се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 136-в, а изгледот на натписот „ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA INTERVENUESE“ е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 136-г, кои се составен дел на овој правилник.“.

По точката 4 се додава нова точка 4-а, која гласи:

„4-а. Амблем „ПОЛИЦИЈА“„POLICIA“

4.1-а. Технички карактеристики на материјал за амблем „ПОЛИЦИЈА“„POLICIA“

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработен амблемот „ПОЛИЦИЈА“„POLICIA се наведени во Табелата бр. 148.

4.2-а. Број на амблем „ПОЛИЦИЈА“„POLICIA“

Амблемот „ПОЛИЦИЈА“„POLICIA“ е во форма на штит исткаен на темно сина основа со димензиии 115 х 95 мм. Од внатрешната страна на растојание од 3 мм од надворешниот раб е исткаена жолта лента во ширина од 3 мм во вид на внатрешна рамка. Во бела боја во внатрешната рамка во горниот дел сразмерно се распоредени буквите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT“, а под нив буквите „ПОЛИЦИЈА“„POLICIA“. Под зборот „ПОЛИЦИЈА“ во форма на полулак е исткаена жолта линија со ширина од 3 мм. Под жолтата линија во бела боја сразмерно се распоредени буквите „POLICIA“, а под зборот „POLICIA е распореден зборот „POLICE“ во намалени димензии сразмерно е исткаен грбот на Република Северна Македонија во соодветните бои.

4.3-а. Мерки за амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA“

Мерките за амблемот „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA“ се наведени во Табелата бр. 149-а

Табела бр. 149-а

Мерки за амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA“		
ОПИС НА МЕРКАТА		ГОЛЕМИНИ
Надворешна ширина на амблем		95 мм
Надворешна висина на амблем		115 мм
Дебелина на темно сина рамка		3 мм
Дебелина на жолта рамка		3 мм
Големина на букви „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT“,	Фонт	ARIAL Cyrilic 18 pt/Bold
	Растојание на букви	00,0%
Големина на букви „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA“	Фонт	ARIAL Cyrilic 42 pt/Bold
	Растојание на букви	00,0%
Големина на букви „POLICE“	Фонт	ARIAL Cyrilic 40 pt/Bold
	Растојание на букви	40,0%
Големина на грб на Република Северна Македонија	ширина	26мм
	висина	27мм

4.4-а. Скица и фотографија на амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA“

Амблемот „ПОЛИЦИЈА“„POLICIA“ се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 137-а, а изгледот на амблемот „ПОЛИЦИЈА“„POLICIA“ е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 138-а, кои се составен дел на овој правилник“.

Во точка 5 во потточка 5.2, по зборовите „димензии 15х40 мм“ запирката се брише, а зборовите „на кој во основата се исткаени буквите РМ во црна боја“ се бришат.

По точка 5 се додава нова точка 5-а, која гласи:

„5-а. Амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“„POLICIA KUFITARE“

5.1-а. Технички карактеристики на материјал за амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“„POLICIA KUFITARE“

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработен амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE“ се наведени во Табелата бр. 150.

5.2-а. Крој на амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“„POLICIA KUFITARE“

Амблемот „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“„POLICIA KUFITARE“ е во форма на штит исткаен на темно сина основа со димензиии 115 х 95 мм. Од внатрешната страна на растојание од 3 мм од надворешниот раб е исткаена жолта лента во ширина од 3 мм во вид на внатрешна рамка. Во бела боја во внатрешната рамка во горниот дел сразмерно се распоредени буквите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“„REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT“, а под нив буквите „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“. Под зборовите „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ во форма на полулак е исткаена жолта линија со ширина од 3 мм. Под жолтата линија во бела боја сразмерно се распоредени буквите „POLICIA KUFITARE“, под нив се распоредени буквите „BORDER POLICE“, а под зборовите „BORDER POLICE“ исткаена е контура на територијата на Република Северна Македонија со димензии 50х55 мм, во која се наоѓа знамето на Република Северна Македонија. Врз контурата, на левата страна е исткаен граничен камен со димензии 15х40 мм. Од левата и десната страна на контурата на Република Северна Македонија исткаен е ловоров венец во златно-жолта боја.

5.3-а. Мерки за амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE“

Мерките за амблемот „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE“ се наведени во Табелата бр. 151-а.

Табела бр. 151-а

Мерки за амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“POLICIA KUFITARE“		
ОПИС НА МЕРКАТА		ГОЛЕМИНИ
Надворешна ширина на амблем		95 мм
Надворешна висина на амблем		115 мм
Дебелина на темно сина рамка		3 мм
Дебелина на жолта рамка		3 мм
Големина на букви „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT“,	Фонт	ARIEL Cyrilic 18 pt/Bold
	Растојание на букви	00,0%
Големина на букви „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА	Фонт	ARIEL Cyrilic 18 pt/Bold
	Растојание на букви	13,0%
Големина на букви „POLICIA KUFITARE“	Фонт	ARIEL Cyrilic 18 pt/Bold
	Растојание	13,0%
Големина на букви „BORDER POLICE“	Фонт	ARIEL Cyrilic 18 pt/Bold
	Растојание на букви	20,0%
Контура на територијата на Република Северна Македонија	ширина	55 мм
	висина	50 мм
Граничен камен	ширина	15 мм
	висина	40 мм

5.4-а. Скица и фотографија на амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“„POLICIA KUFITARE“

Амблемот „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“„POLICIA KUFITARE“ се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 139-а, а изгледот на амблемот „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“„POLICIA KUFITARE“ е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 140-а, кои се составен дел на овој правилник“.

Член 3

Во член 22 ставот 1 се менува и гласи:

„Ознаките на униформата за извршување на посебни и специјални задачи за целата територија на Република Северна Македонија се: амблем „ПОЛИЦИЈА“, амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА - ТИГАР“, амблем „ЕДИНИЦА ЗА БРЗО РАСПОРЕДУВАЊЕ“, амблем „ПОСЕБНА ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА“, амблем „МОБИЛНА ЕДИНИЦА ЗА КОМПЕНЗАТОРНИ МЕРКИ“, амблем „ЕДИНИЦА ЗА СЛУЖБЕНИ КУЧИЊА“, амблем во форма на круг со намалени димензии, амблем во форма на штит со намалени димензии, натпис за идентификација, натпис „ПОСЕБНА ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА“, натпис „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА – ТИГАР/ПОЛИЦИЈА“, натпис „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, правоаголен амблем со натпис за специјалност, оперативна и крвна група и метален амблем во форма на круг со намалени димензии.“

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, ознаките на униформата за извршување на посебни и специјални задачи се: амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA”, „амблем „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“, амблем „ПОЛИЦИСКО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSIA POLICORE E POLICISË INTERVENUESE“, амблем во форма на круг со намалени димензии, амблем во форма на штит со намалени димензии, натпис за идентификација, натпис „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT“, правоаголен амблем со натпис за специјалност, оперативна и крвна група и метален амблем во форма на круг со намалени димензии.

Ознаките, амблемите и натписите од ставовите 1 и 2 на овој член, го имаат следниот состав, квалитет и број.

По точка 5 се додава нова точка 5-а, која гласи:

„5-а. Амблем „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“

5.1-а Технички карактеристики на материјал за амблем „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработен амблемот „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“, се наведени во Табелата бр. 314.

5.2-а Број на амблем „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“

Амблемот „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“, се изработува на црна основа, во форма на круг со дијаметар од 90 мм, во кој се наоѓа еден прстен со дијаметар 73мм.

На горниот дел од надворешниот прстен со сиви букви е исткаено „ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“, а на долниот дел е исткаено „POLICE“. Внатрешниот прстен хоризонтално е поделен на два дела со сива линија. Во горниот дел со сиви букви е исткаена ознаката „МВР“ „MPB“, под неа е исткаен еден униформиран полициски службеник во клекната положба, кој држи штит пред себе, со сива боја, како и броевите „20“ од неговата лева страна и броевите „19“ од неговата десна страна. Под него со сиви букви е исткаена ознаката „ЕИП“„NjPI“. Во долниот дел од внатрешниот прстен со сива боја е исткаено знамето на Република Северна Македонија.

5.3-а Мерки за амблем „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“

Мерките за амблемот „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“, се наведени во Табелата бр. 315-а.

Табела бр.315-а

Мерки за амблем „ ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“„ POLICIA INTERVENUESE“		
ОПИС НА МЕРКАТА		ГОЛЕМИНИ
Надворешен дијаметар на амблем		90 мм
Големина на букви „ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА„ „POLICIA INTERVENUESE“	Фонт	ARIAL Cyrilic 20 pt/Bold
	Растојание на букви	0,0%
Големина на букви „POLICE“	Фонт	ARIAL Cyrilic 24 pt/Bold
	Растојание на букви	0,0%
Големина на букви „МВР“ „MPB“	Фонт	ARIAL Cyrilic 26 pt/Bold
	Растојание	50,0%
Големина на букви „ЕИП“„NjPI“.	Фонт	ARIAL Cyrilic 46 pt/Bold
	Растојание на букви	50,0%
Големина на броеви „2019“	Фонт	ARIAL Cyrilic 24 pt/Bold
	Растојание на бројки	15 „позиции“ меѓу броевите 20 и броевите 19
Големина на апликацијата „униформиран полициски службеник во клекната положба кој држи штит пред него“	ширина	26 мм
	висина	29 мм
Знаме на Република Северна Македонија	дијаметар	58,8 мм

5.4-а Скица и фотографија на амблем „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“

Амблемот „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“, се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 263-а, а изгледот на амблемот „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“, е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 264-а, кои се составен дел на овој правилник“.

По точката 9.1 се додава нова точка 9.1-а, која гласи:

„9.1-а. Амблем во форма на круг со намалени димензии за „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“„NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“

9.1.1-а Технички карактеристики на материјал за амблем во форма на круг со намалени димензии за „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“

Техничките карактеристики на материјалот од кој е изработен амблемот во форма на круг со намалени димензии за „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“, се наведени во Табелата бр. 322.

9.1.2-а. Крој на амблем во форма на круг со намалени димензии за „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА““„NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“

Амблемот во форма на круг со намалени димензии за „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“, е во форма на круг со дијаметар од 25 мм исткаен на црна основа во која се наоѓаат два прстени внатрешен и надворешен. Надворешниот прстен е исткаен во вид на венец во сива боја во ширина од 1 мм, а внатрешниот прстен е исткаен на црна основа и е одвоен од надворешниот прстен со светло сива боја во ширина од 2 мм. Во средишниот дел на внатрешниот прстен, на црна основа се исткаени буквите „ЕИП“ „NjPI“во светло сива боја, а под нив се исткаени буквите „POLICE“ во светло сива боја.

9.1.3. Мерки за амблем во форма на круг со намалени димензии за „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“

Мерките за амблем во форма на круг со намалени димензии за „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“ се наведени во Табелата бр.323-а.

Табела бр. 323-а

Мерки за амблем во форма на круг со намалени димензии „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“		
ОПИС НА МЕРКАТА		ГОЛЕМИНИ
Надворешен дијаметар на амблем		90 мм
Големина на букви „ЕИП“ „NjPI“.	Фонт	ARIAL bold bold 18 pt
	Растојание на букви	0,0%
Големина на букви „POLICE“	Фонт	ARIAL bold 7 pt
	Растојание на букви	60,0%
	Растојание на букви	0.0%

9.1.4. Скица и фотографија на амблем во форма на круг со намалени димензии за „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“

Амблемот во форма на круг со намалени димензии за „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“, се изработува според скица која е дадена во Прилог бр. 271-а, а изгледот на амблемот е во форма на круг со намалени димензии за „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“, е прикажан на фотографијата која е дадена во Прилог бр. 272-а, кои се составен дел на овој правилник.“

Член 4

Прилозите бр. 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 259, 260, 261, 262, 267, 268, 269, 270, 291, 292, 318, 319, 328, 329, 330, 331, 363, 364 се заменуваат со нови Прилози бр. 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 259, 260, 261, 262, 267, 268, 269, 270, 291, 292, 318, 319, 328, 329, 330, 331, 363, 364, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Прилозите бр. 131-а, 133-а, 134-а, 136-в, 136-г, 137-а, 138-а, 139-а, 140-а, 141-а, 142-а, 143-а, 144-а, 263-а, 264-а, 271-а, 272-а, се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 67/22).

Бр. 13.1-32430/1
22 март 2023 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
Оливер Спасовски, с.р.

Прилог бр. 131-а

Прилог бр. 132-а

Прилог бр. 133-а

Прилог бр. 134-а

Прилог бр. 136-в

Прилог бр. 136 - г

Прилог бр. 139



Прилог бр. 139-а



Прилог бр. 140

Прилог бр. 140-а

Прилог бр. 263-а



Прилог бр. 264-а

Прилог бр. 271-а

Прилог бр. 272-а

Прилог бр. 137

Прилог бр. 138

Прилог бр. 137-а



Прилог бр. 138-а

Прилог бр. 141



Прилог бр. 142

Прилог бр. 141-а



Прилог бр. 142-а

Прилог бр. 143



Прилог бр. 144

Прилог бр. 143-а



Прилог бр. 144-а

Прилог бр. 259

Прилог бр. 260

Прилог бр. 261



Прилог бр. 262

Прилог бр. 267

Прилог бр. 268

Прилог бр. 269



Прилог бр. 270

Прилог бр. 291



Прилог бр. 292

Прилог бр. 318



Прилог бр. 319

Прилог бр. 328

Прилог бр. 329

Прилог бр. 330



Прилог бр. 331

Прилог бр. 363



Прилог бр. 364

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

1296.

По извршеното срамнување на изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Објавата за висината на минималната плата во бруто износ во Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 58/23), направена е техничка грешка, поради што се дава

И С П Р А В К А
НА ОБЈАВАТА ЗА ВИСИНАТА НА МИНИМАЛНАТА ПЛАТА ВО БРУТО ИЗНОС ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

Во текстот на Објавата, наместо „од април 2023 година“ треба да стои „со исплатата на платата за месец март 2023 година“.

Бр. 08-2481/3
21 март 2023 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
Јованка Тренчевска, с.р.

УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1297.

Уставниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија, член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 21 март 2023 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВААТ член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/2010) и член 1 од Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/2014).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Северна Македонија, по повод иницијативата поднесена од Бојан Стојевски, адвокат од Скопје, со Решението У.бр.113/2022 од 25 јануари 2023 година, поведе постапка за оценување на уставноста на одредбите од законите означени во точката 1 од оваа одлука.

4. Судот на седницата утврди дека со член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/2010) во Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 92/2009 и 42/10), член 2 се менува и гласи „Основицата утврдена согласно со членот 11 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на СРМ“ број 36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007 и 161/2008), во износ од 23.153 денари, се применува заклучно со исплатата на платите за декември 2011 година, а од јануари 2012 година се применува основица во износ од 25.726 денари“.

Судот, исто така, утврди дека според оспорениот член 1 од Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/2014) во Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 145/12) членот 1 се менува и гласи „Платите на избраните и именуваните лица во Републиката во 2014 година може да се зголемат за 4% започнувајќи со исплатата на платите за октомври 2014 година“.

5. Судот на седницата ја утврди следнава хронологија на законските измени:

Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на СР Македонија“ бр.36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013, 139/2014, 233/2018) е донесен во октомври 1990 година од страна на Собранието на Социјалистичка Република Македонија. Досега Законот е менуван и/или дополнуван 15 пати и не постои официјален пречистен текст на Законот.

Со член 11 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија се определува дека основицата за пресметување на платата на избраните и именуваните лица во Република Македонија е просечната месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика. Според член 10 став 1 платата се утврдува на начин што основицата се множи со утврдениот коефициент и се зголемува за процентот на работното искуство, а коефициентите, согласно член 12, изнесуваат 2,2 до 4,5.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.92/2009) внесен е нов, самостоен член 2 според кој основицата утврдена согласно со член 11 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008), во износ од 26.229 денари ќе се применува заклучно со исплатата на платите за август 2010 година.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/2010) одново е направена измена (во форма на измена на измената на Законот), повторно преку самостоен член 3 кој предвидува дека: Во Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.92/2009) во членот 2 износот „26.229 денари“ се заменува со износот „25.726 денари“, а годината „2010“ се заменува со годината „2011“.

Во 2010 година, со Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/2010) внесен е, оспореният со оваа иницијатива, член 4 кој (повторно преку измена на измена на одредба) предвидува дека: Во Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 92/2009 и 42/10) членот 2 се менува и гласи: Основицата утврдена согласно со членот 11 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на СРМ“ број 36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007 и 161/2008), во износ од 23.153 денари, се применува заклучно со исплатата на платите за декември 2011 година, а од јануари 2012 година се применува основица во износ од 25.726 денари.

По оваа измена на Законот, следувала уште една, кога со Законот за дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.162/2010) е дополнет член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/10) со нов став кој определува дека основицата за пресметување на плата на судиите на Уставниот суд на Република Македонија е во износ од 25.726.

Потоа не се вршени други слични измени, во смисла на утврдување на нови фиксни износи на основицата, така што важечката основица за пресметување на платата е онаа утврдена со оспорената одредба од член 4, во износ од 25.726 и таа основица, со процентуалните усогласувања од 2014 година, моментално изнесува 26.755 денари и е основица според која се пресметуваат и исплатуваат платите на избраните и именуваните лица.

Како што е наведено погоре, измените на основицата, законодавецот ги правел со внесување на самостојни одредби во законите за изменување и дополнување на основниот закон, без притоа да интервенира во основната одредба од член 11 од Законот која го уредува начинот на пресметување на основицата којашто гласи „Основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика“. Оваа одредба со оваа содржина сè уште постои во правниот поредок, бидејќи од 2008 година (кога е избришан зборот „нето“), не е изменета.

Во натамошните измени на Законот (2012, 2013 и 2014) законодавецот предвидел платите на избраните и именуваните лица да можат да се зголемат за 5% во 2012, 5% во 2013 и 4% во 2014 година.

6. Во Конечниот извештај на овластениот Државен ревизор, за извршена ревизија во Собранието на Република Северна Македонија во 2020 (заведен под бр.11-891/6 од 17.05.2022) на стр.13, под точка 7.1. е наведено:

„7.1. Со Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, уредени се прашањата за платите и надоместоците на избраните и именуваните лица во РСМ, како и правата на функционерите и на раководните работници во Собранието по престанување на функцијата.

7.1.1. Во член 10 од наведениот закон е уредено дека платата на функционер и на раководен работник се утврдува на начин што основицата за пресметување на платите се множи со утврдениот коефициент и се зголемува за процентот за работното искуство, додека во член 11 е уредено дека основицата за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Со увид во актите за пресметка на платите на избрани и именувани лица во Републиката констатиравме дека во јули 2010 година донесен е Закон за дополнување на наведениот закон со кој е утврдена основицата за пресметка на плата во износ од 25.726 денари, која во 2014 година со измените на законот и процентуалните усогласувања е во износ од 26.755 денари.

Истакнуваме дека иако е поминат период од 8 (осум) години истата сè уште се применува и во 2022 година како основица за пресметка на платите на избраните и именуваните лица во државата.

Неоспорувајќи ја состојбата во која се издава ревизорскиот извештај, во насока на законско доделување на платите на избраните и именуваните лица, истакнуваме дека основицата согласно член 11 од законот е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, која за 2021 година изнесува 29.943 денари, при што укажуваме на потребата од доследна примена на член 11 од наведениот закон и усогласување на основицата за пресметување на платите со податоците за исплатена месечна плата на Државниот завод за статистика, по претходно донесување на измени на наведениот закон.“

7. Според член 8 алинеи 1 и 3 од Уставот, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото се темелни вредности на уставниот поредок.

Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Во член 32 став 3 од Уставот е предвидено дека секој вработен има право на соодветна заработувачка, а во ставот 5 на истиот член предвидено е дека остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Согласно член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

8. Нема сомнение дека законодавецот има уставно овластување да ги уредува општествените односи, односно да ги определува правата и обврските на граѓаните, а во тие рамки да ги утврдува и правата на носителите на јавните функции во Република Македонија, вклучително и нивната плата, што законодавецот и го сторил со донесување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица („Службен весник на СР Македонија“ бр.36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013, 139/2014, 233/2018).

Од анализата на релевантните законски одредби произлегува дека законодавецот основицата за пресметување на плата, првобитно, во основниот текст на Законот, ја уредил со член 11 според кој, основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Од хронолошкиот приказ на измените на Законот во овој дел, може да се заклучи дека во 2009 година законодавецот го изменил овој пристап, односно се одлучил за решение според кое во самиот закон се утврдува точниот износ на основицата кој потоа се множи со соодветниот коефициент. Законското решение од 2009 година во оваа смисла било од темпорална природа бидејќи во самиот закон било утврдено до кога ќе се применува вака утврдената основица. Имено, износот на основицата бил утврден во висина на 26.229 денари која требало да се применува заклучно со исплатата на платите за август 2010 година, за да со законските измени во март 2010 година, износот се намали на 25.726 со период на примена до август 2011.

Со оспорената измена на Законот извршена во јули 2010 година, законодавецот ја намалил основицата на 23.153 денари и предвидел дека истата ќе се применува заклучно со исплатата на платите за декември 2011 година, додека пак од јануари 2012 година ќе се применува основица во износ од 25.726 денари.

Согласно образложението на Предлог-законот станува збор за намалување на основицата за 10% коешто намалување било извршено како антикризна мерка, очигледно од темпорален карактер, со оглед на тоа што по јануари 2012 година, законодавецот одново се враќа на претходното решение, односно на претходно утврдениот фиксен износ на основицата од 25.726 денари. Овој износ, зголемен за 4% со измените на Законот од 2014 година, сè уште се применува за пресметување на платата на избраните и именуваните лица.

Определувањето на начинот на пресметување на висината на платата на избраните и именуваните лица неспорно претставува законска материја и во таа смисла законодавецот е тој што определува дали основицата ќе се пресметува врз основа на остварената просечна плата, или пак во самиот закон ќе ја утврди висината на основицата во фиксен износ. Но, независно за кој пристап се работи, законските норми кои се однесуваат на ова прашање мора да бидат јасни, недвосмислени и предвидливи и да не остават простор за различно толкување што би можело да доведе до нејаснотии и различна примена во исти ситуации. Впрочем, барањето за јасност и прецизност е едно од основите елементи на принципот на владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

Меѓутоа, оспореното законско уредување на оваа материја, според оценката на Судот, не е во согласност со овој принцип од причина што, поради измените во начинот на утврдување на основицата за пресметка на плата на избраните и именуваните лица, се доаѓа до ситуација во која може да се констатира дека во исто време постојат две норми, односно две правни правила за утврдување на основицата на платата – едното од член 11 од Законот, според кое основицата се определува според просечната плата остварена во претходната го-

дина што ја утврдува Државниот завод за статистика и другото правило, во оспорената одредба од член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/2010) во која основицата е утврдена во фиксен износ од 25.726 и која со усогласувањето од 4% предвидено со второспорената одредба изнесува 26.755 денари, како основица што е моментално во сила и во примена. Истовремено, во сила е и одредбата од член 11 од Законот.

Наведеното двојство во уредувањето на прашањето за основицата на платата на избраните и именуваните лица, претставува неконзистентност во законското уредување на оваа материја. Тоа, според мислењето на Судот, делумно е резултат и на законодавната техника што ја избрал законодавецот при интервенциите во законскиот текст, што се состои во вршење на измени и дополнувања на веќе изменети одредби. Овој номотехнички пристап, не само што доведува до нејасност и непрецизност на одредбите, бидејќи истите на извесен начин ги вади од основниот концепт и систем на законот, туку создава и реални тешкотии при утврдување на содржината на важечката норма, односно се доаѓа во ситуација во која е навистина тешко да се утврди која норма претставува важечко право. За ваквата ситуација придонесува и фактот што иако законодавецот во четири измени на Законот дал налог до Законодавно-правната комисија да утврди пречистен текст на овој закон, тоа сè уште не е сторено.

Неконзистентниот пристап на законодавецот при уредувањето на прашањето за пресметка на основицата на плата на избраните и именуваните лица го доведува во прашање и остварувањето на правото на вработените на соодветна заработувачка од член 32 став 3 од Уставот. Правото на работникот на соодветна плата како право што произлегува од неговиот статус на вработен создава обврска за државата преку законското уредување да обезбеди правен основ за негово остварување. Но, поради непрецизноста и нејасноста на оспорените законски одредби од член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/2010) и член 1 од Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/2014), истите не се во согласност со одредбите од Уставот на кои се повикува подносителот на иницијативата.

9. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

10. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот, Добрила Кацарска и судиите: Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ- Бозациева, д-р Осман Кадриу, д-р Дарко Костадиновски и м-р Фатмир Скендер.

У. бр. 113/2022
21 март 2023 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
Добрила Кацарска, с.р.

ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

1298.

Врз основа на член 33 став (10) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23), директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА КОРИСНИК ВО ТЕХНОЛОШКАТА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на Годишниот извештај за работењето на корисник во технолошката индустриска развојна зона.

Член 2

Годишниот извештај за работењето на корисник во технолошката индустриска развојна зона се изготвува на образец „Годишен извештај за работењето на корисник во технолошката индустриска развојна зона”, во формат А-4 во бела боја.

Формата и содржината на Годишниот извештај од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.01-558/1
20 март 2023 година
Скопје

Дирекција за технолошки
индустриски развојни зони,
Директор,
Јован Деспотовски, с.р.

П Р И Л О Г

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА КОРИСНИК ВО ТЕХНОЛОШКАТА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА

за _____ година

Податоци за обемот на производството, односно услугите остварени во технолошката индустриска развојна зона

Назив на корисник:

Период на известување (1 ви јануари – 31 ви декември): година

1.Реден број	2. Хармонизирана номенклатура на царинска тарифа	3. Производ или услуга	4. Вид на производ/услуга	5. Обем на производство / услуги		
				5.1 Произведена количина	5.2 Единица мерка	5.3 Вредност (изразена во денари)
1						
2						
3						
4						
5						
6						
7						
8						
9						
10						
11						
12						
13						
14						
15						
			В к у п н о:			

М.П.

Потпис на одговорно лице

Податоци за извршена надворешно-трговска размена (ИЗВОЗ)

Назив на корисник:

Период на известување (1 ви јануари – 31 ви декември): година

1.Реден број	2. Хармонизирана номенклатура на царинска тарифа	3. Производ или услуга	4. Земја-производ/услуга		5. Вид на стопанска дејност	6. Економска намена	7. Степен на обработка	8. Сектор	9. Оддел	10. Обем на извоз		
			4.1 Земја на извоз	4.2 Вид на производ/услуга						10.1 Количина	10.2 Единица мерка	10.3 Вредност (изразена во денари)
1												
2												
3												
4												
5												
6												
7												
8												
9												
10												
	Вкупно:											

М.П.

Потпис на одговорно лице

Податоци за извршена надворешно-трговска размена (УВОЗ)

Назив на корисник:

Период на известување (1 ви јануари – 31 ви декември): година

1.Реден број	2. Хармонизирана номенклатура на царинска тарифа	3.Производ или услуга	4. Земја-производ/услуга		5. Вид на стопанска дејност	6.Економска намена	7.Степен на обработка	8. Сектор	9. Оддел	10. Обем на увоз		
			4.1 Земја на увоз	4.2 Вид на производ/услуга						10.1 Количина	10.2 Единица мерка	10.3 Вредност (изразена во денари)
1												
2												
3												
4												
5												
6												
7												
8												
9												
10												
	Вкупно:											

М.П.

Потпис на одговорно лице

Податоци за бројот на остварени вработувања во извештајниот период

Назив на корисник:

Период на известување (1 ви јануари - 31 ви декември): година

1. Период на вработувањата	2. Квалификациона структура на вработувањата								3. Државјани на Република Северна Македонија	4. Државјани на други земји	5. Исплатен износ на бруто плата за годината	
	НКВ	КВ	ВКВ	ССС	ВШС	ВСС	Останати	ВКУПЕН БРОЈ			денари	евра
Број на вработени на 1 ви јануари (почетна состојба)												
Број на нововработени во годината (извештајниот период)												
Вкупен број на вработени на 31 ви декември (крајна состојба)												

М.П.

Потпис на одговорно лице

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29, поштенски фах 51.
в.д. Директор и одговорен уредник – Дејанчо Цветановски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2023 година изнесува 12.200 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница Напредок ДООЕЛ Тетово.
ISSN 0354-1622

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 65 **23 март 2023, четврток** **година LXXIX**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

О Г Л А С И

СОДРЖИНА

	Стр.
Судски огласи……	1
Стечајни постапки……	2
Нотарски огласи……	6
Јавни објави на извршители……	12
Огласи……	12
Јавни набавки……	16

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ

Пред Основниот граѓански суд Скопје е поднесена тужбата од тужителот Македонска банка во ликвидација Скопје, бул. „ВМРО“ бр. 3-13/2, против тужената Зарије Адеми од Кичево, со непозната адреса на престојување, за долг, со вредност на спорот 2.853 денари.

За привремен застапник на тужената Зарије Адеми со Решение на Меѓуопштински центар за град Скопје, УП бр. 0905-234 од 7.3.2023 година ѝ е поставен адвокатот Владимир Медарски од Скопје, бул. „Кузман Јосифовски-Питу“ бр. 19, ТЦ Скопјанка, мезанин, локал 57, кој ќе ја застапува тужената во постапката сè додека таа или нејзиниот полномошник не се јават во судот, а до правосилното завршување на постапката.

Се повикува тужената Зарије Адеми во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да се јави во судот како тужена.

Во спротивно, привремениот застапник ќе ги заштитува нејзините интереси.

Од Основен граѓански суд Скопје, Оддел за трговски спорови VIII-а ПЛ1-П-472/22. (13226)

Пред Основниот граѓански суд во Скопје, во тек е постапка по тужбата на тужителот САВА Осигурување од Скопје, против тужениот Ивица Петковски од Скопје, за регресен долг, со вредност 121.093 денари.

Со Решение 6 МАЛВП-2278/22 од 13.3.2023 година, судот на тужениот Ивица Петковски му постави привремен застапник, адвокатот Марко Крстевски, кој ќе ги застапува интересите на тужениот до правосилното завршување на постапката.

Се повикува тужениот Ивица Петковски во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во судот лично или преку полномошник, за да ја преземе постапката.

Во спротивно, таа ќе продолжи преку поставениот привремен застапник.

Од Основен граѓански суд Скопје, 6 П. бр. МАЛВП-2278/22. (13787)

Пред Основниот граѓански суд Скопје е поднесена тужбата од тужителот Друштво за осигурување Уника АД Скопје бул. „Илинден“ бр. 1, против тужениот Беким Арифи од Скопје ул. „1“ бр. 306, Арачиново, сега со непозната адреса, за регресен долг, со вредност 23.181 денар.

За привремен застапник на тужениот Беким Арифи од Скопје, ул. „1“ бр. 306, Арачиново, сега со непозната адреса, за регресен долг, со вредност 23.181 денар, кој ќе го застапува тужениот во постапката сè додека тој или неговиот полномошник не се појават пред судот, односно сè додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека му е назначен старател, со Решение на овој суд МАЛВП-2216/21 од 27.2.2023 година е назначен Асмир Аллиспајиќ, адвокат од Скопје, ул. „4“ бр. 16, Ржаничино, Скопје.

Од Основен граѓански суд Скопје, Граѓанско одделение, 12 МАЛВП-2216/21. (13788)

ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Основниот суд во Гостивар е заведен предмет МАЛВП-149/2022 по тужбата на тужителот Ибраими Телат од Форино, ул. „200“ б. б., Гостивар, против тужениот Мустафаи-Билали Асим од с. Чегране, Гостивар, за стекнување без основ – долг, со вредност на спорот 224.475 денари.

Со цел завршување на предметот, согласно со член 76 став 2 точка 5 од Законот за парничната постапка на тужениот Мустафаи-Билали Асим од с. Чегране, Гос-

тивар, моментално во Р Австрија и недостапен за органите на прогон, му се поставува привремен застапник од редот на адвокатите на подрачјето на Основен суд во Гостивар, Фарук Мислими, адвокат од Гостивар, со цел да ги застапува неговите права и интереси во конкретниот спор сè додека туженият не се појави пред судот односно сè додека органот за старателство не го извести судот дека му поставил старател.

Се повикува туженият Мустафаи-Билали Асим од с. Чегране, Гостивар, моментално во Р Австрија и недостапен за органите на прогон, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на овој оглас да се јави пред овој суд или да одреди полномошник кој ќе го застапува во оваа постапка.

Од Основен суд – Гостивар, МАЛВП-149/2022. (13789)

ОСНОВЕН СУД ВО ПРИЛЕП

Пред Основниот суд во Прилеп е заведен спор по тужбата на тужителот Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, застапуван од полномошникот адвокат Дарко Герамитчиоски од Прилеп, против туженият Зоран Димески од Прилеп, со непозната адреса на живеење во Хрватска, со правен основ надомест на штета, со вредност на спорот 53.342 денари.

Се повикува туженият Зоран Димески од Прилеп, со непозната адреса на живеење во Хрватска, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во Основен суд во Прилеп, да ја достави својата адреса на живеење и престојување или да назначи полномошник кој ќе ги штити неговите права и интереси во текот на постапката.

Доколку во определениот рок не се јави или не определи свој полномошник, неговите права и интереси ќе бидат заштитени со поставување на привремен застапник преку ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Прилеп до правосилното завршување на спорот.

Од Основен суд – Прилеп, МАЛВП-379/22. (13803)

ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово во тек е парнична постапка по тужбата на тужителот Азизи Умер од с. Добарце, против тужената Петја Данаилова од с. Добарце, сега со непозната адреса во Германија, со основ развод на брак.

Се повикува тужената Петја Данаилова, со непозната адреса во Германија, во рок од 30 дена по објавување на овој оглас да се јави во судот и да достави своја точна сегашна адреса или да определи свој полномошник кој ќе ја застапува во постапката.

Во спротивно, судот преку Центарот за социјална работа ќе ѝ определи времен старател кој ќе ја застапува до правосилното завршување на постапката.

Од Основен суд – Тетово, П2-123/23. (13790)

_____

Пред Основниот суд во Тетово во тек е парнична постапка по тужбата на тужителот Абидин Аљиљи од с. Д. Палчиште, против туженият Синан Идризи од с. Д. Палчиште со основ сопственост.

Се повикува туженият Синан Идризи од с. Д. Палчиште, сега со непозната адреса во Р Норвешка, во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас да се јави во судот и да достави своја точна сегашна адреса или да определи свој полномошник кој ќе го застапува во постапката.

Во спротивно, судот преку Центарот за социјална работа ќе му определи времен старател кој ќе го застапува до правосилното завршување на постапката.

Од Основен суд – Тетово, П1-169/23. (13791)

СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Основниот граѓански суд Скопје, со Решение IV Ст. бр. 9/23 објавува дека се отвора постапка над должникот Друштво за производство, промет и услуги МИЈОВАЛИ ДООЕЛ експорт-импорт с. Волково, Скопје, со седиште во с. Волково, со транскациска сметка број 20001649625545 во Стопанска банка АД Скопје, трансакциска сметка број 300000000655368 во Комерцијална банка АД Скопје, единствен матичен број субјектот на уписот 4610202, единствен даночен број 4030993269760 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 46.73 – Трговија на големо со отпадоци и остатоци.

Сечајната постапка не се спроведува поради немање имот и се заклучува.

Да се објави оглас на веб-страницата на Централен регистар на РСМ – Регионална регистрациона канцеларија – Скопје, во „Службен весник на РСМ“ и на огласната табла на судот.

По правосилноста на решението должникот да се брише од Централен регистар на РСМ – Скопје.

Од Основен граѓански суд Скопје. (13109)

_____

Основниот граѓански суд Скопје со Решение IV Ст. бр. 221/18 преку стечајниот судиа Артан Лимани вон рочиште на ден 15.3.2023 година објавува дека се закажува Собрание на доверители на стечајниот должник Друштво за трговија, производство, услуги и угостителство СТАР ЕКСКЛУЗИВ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје во стечај, за ден 12.4.2023 година во 12:30 часот, судница 6 на 1 кат, со точка на

ДНЕВЕН РЕД

Заклучување на стечајната постапка со овластување по чл. 205 од Закон за стечај.

Огласот да се објави во „Службен весник на РСМ“, во еден дневен весник и на огласната табла на судот.

Од Основен граѓански суд Скопје. (13116)

_____

Основниот граѓански суд Скопје, преку стечајнот судија Ирена Антоска, објавува дека со Решение 1 Ст. бр. 15/23 од 17.3.2023 година, се поведува претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за производство и трговија АМИНТА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Јурај Гагарин“ бр. 30-3/6, Скопје, со трансакциска сметка број 200000854133492 во Стопанска банка АД Скопје, со трансакциска сметка број 210042354790114 и 210042354799911 во НЛБ банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 4235479, единствен даночен број 4030991256289 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 46.74 – Трговија на големо со метална стока, цевки, уреди и опрема за водовод и централно греење.

Се закажува рочиште поради изјаснување по предлогот за отворање стечајна постапка на ден 10.4.2023 година во 10:00 часот, во судница број II на I кат.

Се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува лицето Маринко Саздовски, бул. „Јане Сандански“ бр. 106/2 Скопје.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите за управување на должникот за водење на работењето сè до донесување на одлуката за отворање стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита

дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско-финансиската состојба на должникот.

Се одредува општа забрана за располагање со имотот на должникот.

Се забранува одредување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Се забрануваат исплати од сметките на должникот.

Се повикуваат должниците на должникот своите обврски да ги исполнуваат, а должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Се задолжува должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му допушти увид во трговските книги и во неговата деловна документација.

Од Основен граѓански суд – Скопје. (13117)

_____

Основниот граѓански суд Скопје, со Решение IV Ст. бр. 132/19 преку стечајниот судија Артан Лимани вон рочиште на ден 17.3.2023 година објавува дека се закажува Собрание на доверители на стечајниот должник Друштво за трговија и услуги ЕВРОМЕТАЛ ГРУП ДООЕЛ во стечај Скопје, за ден 26.4.2023 година во 11:40 часот, судница 6, на 1 кат, со точка на

Д Н Е В Е Н Р Е Д

- Запирање и заклучување на стечајната постапка по чл. 205 од Законот на стечај.

Огласот да се објави во „Службен весник на РСМ“ во еден дневен весник и на огласната табла на судот.

Од Основен граѓански суд Скопје. (13266)

_____

Основниот граѓански суд Скопје, со Решение 1 Ст. бр. 333/16 преку судијата Ирена Антоска, врз основа на член 197 од Законот за стечај, свикува Собрание на доверители на стечајниот должник Акционерско друштво за производство на одлеаноци од сив и нодуларен лив и обоен метал МЗТ Леарница АД Скопје, во стечај со следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Расправање за завршниот извештај на стечаен управник за текот на стечајната постапка.

2. Донесување одлука по предлог на стечаен управник за запирање и заклучување на стечајната постапка над должниот според член 205 од ЗС.

Собранието на доверители ќе се одржи на ден 10.4.2023 година во 9:00 часот во Основен граѓански суд Скопје, судница 2 прв кат.

Се повикуваат сите доверители да присуствуваат на рочиштето.

Огласот ќе биде објавен во „Службен весник на РСМ“ во еден дневен весник, на огласната табла во судот и кај должникот.

Од Основен граѓански суд Скопје. (13440)

_____

Основниот граѓански суд Скопје, преку стечајниот судија Ирена Антоска, објавува дека со Решение I. Ст. бр. 323/18 и I Ст. бр. 26/19 од 10.3.2023 година.

Стечајната постапка над должникот Друштво производство, трговија услуги и градежништво РДЛ СТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје од Скопје, со седиште на ул. „Димо Хаџи Димов“ бр. 137-2/1 Кисела Вода, Скопје, со трансакциска сметка број 210056235530175 во НЛБ банка АД Скопје, со трансакциска сметка број 250001002556609 во Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, со трансакциска сметка број 270000001057478 во Халк банка АД Скопје и со трансакциска сметка број 300000001528950 во Комерцијална банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 5623553, единствен даночен број 4030002442290 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 47.11 – Трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалаци и тутун поради немање на имот, постапката се заклучува.

По правосилноста на Решението должникот да се брише од Трговскиот регистар кој го води Централниот регистар – Регионална регистрациона канцеларија Скопје.

Од Основен граѓански суд Скопје. (13461)

_____

Основниот граѓански суд Скопје, Решение 4 Ст. бр. 650/17 од 16.3.2023 година, објавува дека се запира стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги АЛЕАНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје од Скопје, со седиште на ул. „516“ бр. 4, Гази-Баба, Скопје, со трансакциска сметка бр. 300000004154837 во Комерцијална банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 6219241, единствен даночен број 4030007632089 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 41.20 – Изградба на станбени и нестанбени згради и поради немање на имот се заклучува.

По правосилноста на Решението должникот да се брише од Трговскиот регистар кој го води Централен регистар на РСМ Регионална регистрациона канцеларија Скопје и да се брише стечајната постапка на должникот под број 300000004154837 при Комерцијална банка АД Скопје.

Да се објави оглас на веб-страницата на Централен регистар на РСМ, во „Службен весник на РСМ“ и на огласната табла на судот.

Од Основен граѓански суд Скопје. (13573)

_____

Основниот суд во Кавадарци, преку стечајниот судија Елизабета Петковска, објавува дека со Решение Ст. бр. 1/23 од 10.2.2023 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причината за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за производство и трговија ЖАК – ПРОМ Зоран ДООЕЛ Кавадарци, со седиште на ул. „Страшо Пинџур“ бр. 77 с. Ваташа, Кавадарци, со ЕМБС 5331188, ЕДБ 40119 99113121 и трансакциска сметка бр. 200000030823779 што се води при Стопанска банка АД Скопје, со приоритетна дејност – Трговија на мало со неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалаци и тутун, означена со шифра 47.11.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отворање стечајна постапка на ден 29.3.2023 година во 10:30 часот, во судница бр. 2 на овој суд.

Се задолжува должникот Друштво за производство и трговија ЖАК – ПРОМ Зоран ДООЕЛ Кавадарци, по приемот на решението да му ги стави на располагање на привремениот стечаен управник, сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука во врска со поднесениот предлог, како и да се воздржува од активности со кои би се отежнало исполнувањето на тие обврски.

За привремен стечаен управник се определува лицето Емил Дракуловски лиценциран и овластен стечаен управник од Скопје, ул. „Славе Деловски“ бр. 7 Општина Центар, Скопје регистриран како стечаен уп-

равник Емил Дракулевски ТП Емил Слободан Дракуловски Скопје, број на телефон 078/313-471, e-mail: tp.emil.drakulevski@gmail.com.

При што привремениот стечаен управник се задолжува да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка и дали имотот е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско-финансиската состојба на должникот, неплатени обврски на должникот по сите основи (придонеси и даноци од плата, други даноци, комунална такса, обврска спрема доверители и сл.).

Се задолжуваат: Фонд за здравствено осигурување на РСМ Подрачна служба Кавадарци, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ Подрачна единица Кавадарци, Агенција за вработување на РСМ Подрачна единица во Кавадарци, РСМ Министерство за финансии – Управа за јави приходи Одделние во Кавадарци и Општина Кавадарци – Локална самоуправа да му овозможат на привремениот стечаен управник увид во нивните евидентирани податоци со кој што располагат со цел да се утврди дали должникот има обврски по основ на неплатени придонеси, даноци и комунална такса и доколку има колку изнесува нивната висина, како и на барање на привремениот стечаен управник да му достават и писмен извештај за обврските на должникот.

Се задолжува должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија како и да му дозволи и да му овозможи да изврши увид во трговските книги и во неговата деловна документација.

Решението да се достави до Централен регистар на РСМ во кој е запишан должникот.

Решението да се објави на огласната табла на судот, да се објави оглас во „Службен весник на РСМ“, како и на страницата на Централниот регистар на РСМ и на веб-страницата на судот.

Од Основен суд – Кавадарци. (13593)

_____

Основниот суд во Битола со Решение Ст. бр. 25/23 од 15.3.2023 година, над должникот Друштво за трговија, услуги и производство СОФИА БСГ увоз-извоз ДООЕЛ Битола, со седиште на ул. „Марјан Божиновски“ бр. 12, Битола, со ЕМБС на должникот 7421370 и даночен број 4002020559745 со жиро-сметка бр. 210-0742137001-98 депонент на НЛБ банка АД Скопје, шифра на дејност 47.71 – Трговија на мало со облека во специјализирани продавници.

Стечајна постапка се отвора, не се спроведува и се заклучува.

По правосилноста на Решението Централниот регистар на РСМ РД Битола, да го брише должникот од Трговскиот регистар.

По правосилноста на Решението НЛБ банка АД Скопје, да ја згасне жиро-сметката на должникот да доклку има средства истите да ги пренесе на жиро-сметка Буџет на РСМ 100-000000630-95 уплатна сметка 840-103-03338 приходна шифра 722211 начин 02 при НБРСМ.

Од Основен суд – Битола. (13792)

_____

Основниот суд во Битола, објавува дека со Решение Ст. бр. 39/23 од 14.3.2023 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка над Друштво за производство, услуги и трговија ЕКОАЛФА увоз-извоз ДООЕЛ Битола, со седиште на ул. „1“ бр. 1, Ротино, Битола, со ЕМБС на должникот 6938388 и даночен број 4002014535605, жиро-сметка бр. 210-0693838801-75 депонент на НЛБ Тутунска банка АД Скопје, шифра на дејност 03.22 – слатководна аквакултура.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка на ден 7.4.2023 година во 12:00 часот, во судница бр. 55.

Против ова решение жалба не е дозволена.

Се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува овластен стечаен управник Владо Талевски.

Се забранува располагање со имотот на должникот, освен со претходно одобрение на привремениот стечаен управник.

